Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-375/2
04-07-2024 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на РСМ“ бр. 258/2020 од 30.10.2020), а во врска со претставка бр. 08–375/1 од 16.04.2024 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-375/1 од 16.04.2024 година, поднесена од [redacted] од Тетово **поради ненадлежност.**

Образложение

На 16.04.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) е доставена претставка од [redacted] од Тетово. Подносителот наведува дека Општина Тетово на 12.04.2024 година организирала настан за промоција на проектот за реконструкција на градскиот стадион во градот Тетово. Настанот се одржал на самиот градски стадион, пред почеток на градежни зафати за реализација на истиот. Тој наведува дека како граѓанин и жител на Тетово за настанот дознал од социјалните медиуми, односно официјалниот профил на Општина Тетово, како и од официјалниот профил на градоначалникот Билал Касами, но и од многуте реакции на револтирани граѓани. Понатаму, подносителот наведува дека за настанот иако се одржал со преполни трибини воопшто не биле известени граѓаните кои се од македонска националност и го разбираат и го зборуваат македонскиот јазик. Според него настанот се одржал на преполни трибини, но граѓаните од македонска националност не биле известени за истиот. На организираниот настан од Општина Тетово, која е единица на локална самоуправа во која живее население кое припаѓа на различни етнички и јазични групи, која троши буџетски средства од даночните обврзници и има обврска да биде насочена кон создавање на еднаквост, била реализирана програма само на албански јазик, со интонирање на химна од друга држава, имено Република Албанија, како и биле виорени знамиња на Република Албанија, а бил промовиран и спот само на албански јазик, додека на тродизмензионална промотивна анимација на проектот таблата со името на стадионот не била напишана согласно Законот за употреба на јазиците, односно истата била испишана само на албански јазик. Исто така на настанот е одигран и ревијален натпревар на кој се поканети поранешни и сегашни фудбалери, но ниту еден од нив не е од македонска националност. Дополнително, подносителот наведува дека водителот на настанот и известувањето на јавноста по одржувањето на настанот било само на албански јазик и воопшто не било водено сметка за сегрегирањето кое се правело на тој начин. Со тоа подносителот истакнува дека се исполнети одредбите од член 5 и член 6 на Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно исполнета е дефиницијата за тоа што се смета за дискриминација и очигледно е постоењето на дискриминаторска основа. Во

конкретниот случај, според подносителот била направена груба дискриминација со тоа што бил реализиран настан и програма во која на исклучив начин, иако на јавен настан реализиран со општински средства, биле сегрегирани и исклучени сите кои го разбираат и говорат само македонскиот јазик и припаѓаат на македонската национална заедница. Следствено, подносителот истакнува дека како Македонец и како граѓанин со еднакви права има право да погледне спот и визуелизација на неговиот мајчин јазик кој е и официјален јазик, има право настанот и говорите да бидат и на македонски јазик, да се виори и македонското знаме, да настапат и македонски изведувачи, а не само албански, да настапат и фудбалери од македонска национална припадност и да се постигне амбиент во кој тој како граѓанин ќе се почувствува во неговиот град како рамноправен. Тој истакнува дека е крајно вознемирен и дека неговите граѓански права со постапувањето на Општина Тетово се загрозени и ограничени, со тоа што е дискриминиран по потекло, по национална и етничка припадност и по јазик. Тој во претставката бара Комисијата да утврди дека со постапувањето Општина Тетово и градоначалникот г-дин Билал Касами со горенаведениот настан го дискриминирале него и другите жители на градот Тетово од македонска национална припадност врз основа на потекло, национална и етничка припадности и јазик.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од изнесените факти и околности во претставката утврди дека опишаниот настан се однесува на реализирање на надлежности на општина, нешто што е уредено со Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2022). Согласно овој закон се предвидени одредени постапки, односно надлежни органи во врска со законитоста на спроведувањето на надлежностите на општината.

Имено, согласно член 70 став 2 од Законот за локалната самоуправа, надзор над законитоста на работата на органите на општината вршат органите на државната управа. Воедно, согласно член 55 став 1 од истиот закон, во општината во која најмалку 20% од вкупниот број жители на општината утврден на последниот извршен попис на населението се припадници на одредена заедница се формира комисија за односи меѓу заедниците. Комисијата за односи меѓу заедниците согласно ставот 4 од истиот член, ги разгледува прашањата кои се однесуваат на односите меѓу заедниците застапени во општината и дава мислења и предлози за начините за нивно решавање.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*
- [redacted]
*- Архива на Комисијата*